Australia's Disability Strategy 2021–2031

Creating an inclusive community together

# Извештај за спроведување на Стратегијата

**3 декември 2021 г. – 30 јуни 2023 г.**

**Кус преглед**

*Австралиска стратегија за онеспособеност 2021 – 2031*

# Забелешка за авторски права


Овој документ, ***Извештај за спроведувањето на Австралиската стратегија за онеспособеност 2021-2031 г.  3 декември 2021 – 30 јуни 2023 г.: Кус преглед*** е заштитен со меѓународна лиценца Creative Commons Attribution 4.0 International Licence, со исклучок на:

- Логото и ознаките на *Австралиската стратегија за онеспособеност 2021-2031 г.*
- Сите материјали изработени од трети страни
- Сите слики и/или фотографии
- Државен грб на Австралија: Условите под коишто може да се користи државниот грб се подробно опишани на местото на интернет на премиерот и кабинетот: https://www.pmc.gov.au/honours-and-symbols/commonwealth-coat-arms

Повеќе информации за оваа лиценца има на местото на интернет на Creative Commons:

https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/legalcode

**Забелешка:**

1. Ако користите извадоци од овој документ, Одделот за општествени служби бара вашиот текст да биде придружен со следната забелешка:

   Врз основа на податоците на Австралискиот комонвелт (Department of Social Services).

2. Слободно може да поставувате прашања во врска со оваа лиценца или со која и да било друга употреба на овој документ. Ве молиме стапете во контакт преку:
   Branch Manager, Communication Services
   Branch, Department of Social Services
   Телефон: 1300 653 227
   Електронска пошта: communications@dss.gov.au


**Достапност:**

Ако сте глуви или имате оштетен слух или говор, може да ја користите Националната служба за поврзување (National Relay Service) за да стапите во контакт со некој од наведените телефонски броеви на Одделот за општествени служби.

За лица што користат машина за пишување по телефон (TTY) – телефонирајте на 133 677 и побарајте го телефонскиот број што ви е потребен.

За лица што користат Speak and Listen – телефонирајте на 1300 555 727 и побарајте го телефонскиот број што ви е потребен.

За лица што користат поврзување преку интернет – посетете го местото на интернет на Националната служба за поврзување http://relayservice.gov.au

Овој Извештај од спроведувањето на Стратегијата може да се најде на интернет во повеќе различни лесно достапни облици. За повеќе информации, појдете на https://www.disabilitygateway.gov.au/ads

Ги предупредуваме Абориџините и луѓето со потекло од островите во Торесовиот Теснец дека овој материјал може да содржи слики или имиња на починати луѓе.


**Наведување на авторските права:**

При користењето на овој документ, делумно или во целост, мора да се наведат следните авторски права: © Commonwealth of Australia (Department of Social Services) 2023


Врските до места на интернет, телефонските броеви и називите се точни во времето на објавувањето. Истите може да се променат по објавувањето на материјалот.


DSS 3083.11.23

# Содржина


Кус преглед ..... 3

Владите на државите и на териториите ..... 4

Патоказна карта на Австралиската стратегија за онеспособеност ..... 4

Области во коишто ADS треба да постигне резултати ..... 5

Област во којашто треба да се постигнат резултати: Вработување и финансиска сигурност ..... 5

Област во којашто треба да се постигнат резултати: Домови и заедници што ги вклучуваат сите ..... 6

Област во којашто треба да се постигнат резултати: Безбедност, права и правда ..... 7

Област во којашто треба да се постигнат резултати: Лична поддршка и поддршка во заедницата ..... 7

Област во којашто треба да се постигнат резултати: Образование и учење ..... 8

Област во којашто треба да се постигнат резултати: Здравје и добросостојба ..... 9

Област во којашто треба да се постигнат резултати: Односот на заедницата ..... 9

Спроведување на Австралиската стратегија за онеспособеност ..... 10

Улоги и одговорности ..... 10

Раководни начела ..... 11

Ангажирање на луѓето со онеспособеност ..... 11

Планови за насочено дејствување ..... 12

Придружни планови ..... 13

Рамковни резултати ..... 13

Подобрување на податоците ..... 14

Создавање датотеката со докази и оценувања ..... 15

Управување ..... 15

ADS на интернет ..... 16

# Кус преглед

Овој документ претставува кус преглед на *Извештајот за спроведување (Implementation Report) на Австралиската стратегија за онеспособеност 2021-2031 (Australia's Disability Strategy 2021-2031)* за периодот од 3 декември 2021 г. до 30 јуни 2023 г. Целосниот Извештај од спроведувањето на Стратегијата може да се најде на Киоск на Австралиската стратегија за онеспособеност на Порталот за онеспособеност (ADS Hub on Disability Gateway).

Ова е прв Извештај за спроведувањето што е подготвен во склоп на *Австралиската стратегија за онеспособеност 2021-2031* (ADS). Извештајот дава увид во работата на сите државни органи и организации што испорачуваат подобрени резултати за луѓето со онеспособеност ширум Австралија.

ADS ги утврдува приоритетите на државните органи и организации на сите нивоа за да поттикне промени со коишто ќе се поткрепат правата, вклученоста и учеството на луѓето со онеспособеност во сите области на животот во Австралија. Во текот на овој прв период за којшто се известува, постигнавме напредок во повеќе области во коишто се очекуваат резултати, како и во заложбите за спроведување на Стратегијата. Се залагаме за транспарентност и одговорност во однос на дејствијата што веќе ги спроведуваме, како и во однос на оние области каде што уште треба да се работи.

Во овој прв период за којшто се известува, ги поставивме структурите што ги поддржуваат одговорноста и транспарентноста на ADS, на пример, го основавме Советодавниот одбор на ADS (ADS Advisory Council) и ја известувавме јавноста за Рамковните резултати на ADS (ADS Outcomes Framework) и за Плановите за насочено дејствување (Targeted Action Plans). Покрај тоа, и законодавните органи завршија значителна работа преку своите сопствени планови за поддршка на лицата со онеспособеност и начините за известување. Нивните извештаи ќе се надоврзат кон извештаите за ADS.

Ги истакнуваме и поздравуваме отвореноста и страста со коишто луѓето со онеспособеност и секторот за онеспособеност активно се вклучија во спроведувањето на ADS.  Планот за вклучување на ADS (ADS Engagement Plan) не само што зацртува намера за постојано вклучување на луѓето со онеспособеност, туку ги утврдува и клучните активности за исполнување на таа заложба. Мило ни е што ги исполнивме нашите заложби за одржување на годишни јавни форуми преку одржувањето на првиот Национален форум за ADS (ADS National Forum) во ноември 2022 г. и првиот Државен форум за ADS (ADS State Forum) во Квинсленд во јуни 2023 г. Тие форуми овозможија значаен увид во подрачјата што треба да ги подобриме.

Кралската комисија за спречување насилство, злоупотребување, запоставување и искористување на луѓето со онеспособеност (Royal Commission into Violence, Abuse, Neglect and Exploitation of People with Disability) (Кралска комисија за онеспособеност), основана во април 2019 г. го осмисли развивањето на ADS. Препораките од нејзиниот Конечен извештај доставен до Генералниот гувернер во септември 2023 г. претставуваа значаен патоказ за патот по којшто треба да се оди за да се подобрат животите на луѓето со онеспособеност во Австралија. Се обврзавме да направиме ревизија на ADS врз основа на тој Конечен извештај и сега почнуваме да работиме на тоа.

Разбирливо е дека заедницата на луѓето со онеспособеност има високи очекувања од напредокот што ќе биде постигнат во спроведувањето на ADS. Постигнавме добар напредок во овој првичен период за којшто се известува и исполнивме поголем број клучни заложби. Во следниот период за којшто ќе се известува ќе се сосредоточиме уште повеќе на соработката со луѓето со онеспособеност за да се подобриме и да испорачаме конкретни дејствија на сите нивоа на државните органи и организации преку коишто уште повеќе ќе се подобрат резултатите за сите луѓе со онеспособеност. Тоа ќе вклучува нови Планови за насочено дејствување; постојана вклученост на и советување со луѓето со онеспособеност; и подобрување на доказите и на податоците за да се подобри транспарентноста и да се поддржи подобро донесување одлуки.

# Владите на државите и на териториите

ADS е свесна дека сите нивоа на државната власт се одговорни да ги поддржат луѓето со онеспособеност да го остварат својот целосен потенцијал како рамноправни членови на заедницата. Владите на државите и на териториите играат значајна улога во спроведувањето на ADS. Владите на државите и на териториите си имаат свои планови за поддршка на лицата со онеспособеност или пак изготвуваат такви планови. Активностите се спроведуваат локално и нивната цел е да дејствуваат напоредно со активностите од ADS. Овие планови се основните механизми што ги користат владите на државите и на териториите за да ги исполнат своите заложби во склоп на ADS.

Извештајот од спроведувањето на Стратегијата ги прикажува клучните работи што се направени ширум Австралија за да се подобрат резултатите за луѓето со онеспособеност. Активностите и иницијативите се примери само за еден дел од работите што се во тек. Повеќе информации за преземените работи за поддршка на ADS во одделните држави и територии може да се најдат преку подолу наведените врски до местата на интернет:

- Влада на Нов Јужен Велс Заедниците и правдата (Communities and Justice)
- Влада на Викторија Државен план за онеспособеност (State Disability Plan)
- Влада на Квинсленд План за онеспособеност (Disability Plan)
- Влада на Запада Австралија Оддел за заедниците (Department of Communities)
- Влада на Јужна Австралија Инклузивна Јужна Австралија (Inclusive SA)
- Влада на Тасманија Оддел на премиерот и кабинетот (Department of Premier and Cabinet)
- Влада на Австралиската Престолнинска Територија Услуги за заедницата (Community Services)
- Влада на Северната Територија Оддел на Територијата за семејства, домување и заедници (Department of Territory Families, Housing and Communities).

537 општини во Австралија играат многу важна улога во своите заедници. Општините се органи на власта што се најблиску до своите заедници и испорачуваат околу 150 разни услуги. Локалните власти изработуваат стратешки планови заедно со своите заедници за да го насочуваат идниот развој и да ги поддржат своите локални заедници. Здружението на австралиските локални власти (Australian Local Government Association) со големо задоволство забележува зголемување на бројот на Планови за вклучување на и пристап за онеспособените лица што се изработуваат ширум Австралија, а тоа ќе има големо влијание кога треба да се земат предвид потребите на луѓето со онеспособеност во склоп на секојдневното работење на општините.

# Патоказна карта на Австралиската стратегија за онеспособеност

Патоказната карта на ADS дава прегледен увид во клучните работи што се вршат во склоп на ADS и покажува кога ќе се случат тие активности. Во текот на периодот за којшто се известува требаше да бидат завршени неколку клучни работи од Патоказната карта. Сите клучни работи предвидени за периодот од 3 декември 2021 г. до 30 јуни 2023 г. се завршени или се во тек и наскоро ќе бидат завршени.

## *2021*

- **Завршено:** Првите Планови за насочено дејствување (Targeted Action Plans) објавени на 3 декември 2021 г.

- **Завршено:** Преглед на Стандардите за онеспособеност за 2021 г. – Пристап до простори и објекти (2021 Review of Disability (Access to Premises – Buildings) Standards) објавен на 21 септември 2021 г.
- **Завршено:** Советодавниот одбор на ADS (ADS Advisory Council) беше основан во декември 2021 г.

### *2022*

- **Завршено:** Национален форум за ADS (ADS National Forum) е одржан на 2 и 3 ноември 2022 г.
- **Во тек:** Теренската анкета меѓу лицата со онеспособеност, постарите лица и негувателите од 2022 г. (2022 Survey of Disability, Ageing and Carers) е завршена, резултатите треба да бидат објавени во 2024 г.
- **Во тек:** Консултациите околу Ревизијата на стандардите за онеспособеност за достапноста на јавниот превоз од 2022 г.  (2022 Review of the Disability Standards for Accessible Public Transport) се завршени, извештајот треба да биде објавен кон крајот на 2023 г.

### *2023*

- **Завршено:** Првиот Државен форум за ADS (ADS State Forum) е одржан во Квинсленд на 19 јуни 2023 г.

# Области во коишто ADS треба да постигне резултати

Седумте области во ADS во коишто треба да се постигнат резултати ги претставуваат областите за коишто луѓето со онеспособеност ни рекоа дека им се важни и дека треба да се подобрат за да може австралиското општество да ги вклучува еднакво сите луѓе.

Со Областите во коишто треба да се постигнат резултати се зацртуваат приоритетите на кои треба да работат сите органи и организации на државната власт во соработка со заедницата, бизнисите и луѓето со онеспособеност за да се направат потребните промени. Тоа вклучува обезбедување на можности за вработување, висококвалитетно вклучително образование, подобрување на ставот на заедницата, како и подобрување на безбедноста, вклучителноста и пристапноста на домовите и на заедниците.

Следните делови даваат пример за постигнувањата и напредокот што ги постигнаа австралиската сојузна влада и владите на државите и на териториите од 3 декември 2021 г. до 30 јуни 2023 г.

## Област во којашто треба да се постигнат резултати: Вработување и финансиска сигурност

Резултат: Луѓето со онеспособеност имаат економска сигурност што им овозможува да си ја планираат иднината и да имаат избор и контрола над својот живот

Стапката на невработеност на луѓето со онеспособеност е повеќе од двојно поголема од онаа на работоспособните луѓе без онеспособеност. Стапката на вработеност за работоспособните луѓе со онеспособеност останува прилично непроменета со децении.

На Националниот форум на ADS ADS National Forum (ноември 2022 г.), главните теми меѓу луѓето со онеспособеност беа потребата да се отстранат пречките на ниво на работодавците и да се подобри преодот од училиште кон вработување за младите луѓе

со онеспособеност. На Државниот форум на ADS во Квинсленд Queensland ADS State Forum (јуни 2023 г.), учесниците ги повторија истите размислувања во врска со вработувањето. Организациите што ги застапуваат луѓето со онеспособеност ни рекоа дека треба уште многу да се сработи со оглед на бавниот напредок во однос на вработувањето.

Еве некои примери за активностите во оваа област:

- Стратегијата за вработување на луѓе со онеспособеност Вработи ме заради мојата способност (Employ My Ability), почната во декември 2021 г.
- Стратегијата за вработување на луѓе со онеспособеност на австралиските државни служби во периодот 2020-2025 г. (APS Disability Employment Strategy 2020-25) при австралиската сојузна влада.
- Стратегиите и плановите на владите на државите и на териториите насочени кон зголемување на стапката на вработување на луѓето со онеспособеност во јавниот сектор.
- Нови програми и пробни програми за образование, обука и вработување, како што се програмата Повторно поврзување (Reconnect) во Викторија, иницијативите за Проекти за приоритет на обуката и Работно оспособување во Јужна Австралија, или Фонд за вработувања во областа на општествените потфати (Social Enterprise Jobs Fund) во Квинсленд.

## Област во којашто треба да се постигнат резултати: Домови и заедници што ги вклучуваат сите

Резултат: Луѓето со онеспособеност живеат во вклучителни, пристапни и добро осмислени домови и заедници

ADS потврдува колку се важни домовите, инфраструктурата и вклучителните заедници за да се поддржат луѓето со онеспособеност да учествуваат во своите заедници. Од практична гледна точка, оваа Област поттикнува дејствија што го поддржуваат учеството на луѓето со онеспособеност во нивните заедници преку пристапни домови, превоз и системи за комуникација, како и во другите градби во околината.

Луѓето со онеспособеност и Советодавниот одбор на ADS искажаа загриженост во врска со домувањето за луѓето со онеспособеност. Советодавниот одбор укажа на тоа дека заедницата на луѓето со онеспособеност има значителни проблеми во поглед на домувањето, особено кога станува збор за цените и пристапноста.

Еве некои примери за активностите во оваа област:

- Поддршка за  спортскиот настан VIRTUS Oceania Asia Games во Бризбејн во 2022 г.
- Поставување на специјални тоалети со лесен пристап, како и на простории за преслекување преку Иницијативата Да си ги смениме местата (Changing Places).
- Ревизии на Стандардите за онеспособеност во областите Превоз (Transport) и Објекти (Premises).
- Унапредување на работните кариери на уметниците и на уметничките работници со онеспособеност преку Иницијатива за уметност и онеспособеност (Arts and Disability Initiative) на Creative Australia.
- Поддржување на висококвалитетни, безбедни и сигурни живеалишта специјализирани за сместување на луѓе со онеспособеност, како што е, на пример, програмата за поттикнување на градењето во Викторија.

- Иницијативи што поттикнуваат нула трпеливост за дискриминација, малтретирање и вознемирување, како што е иницијативата СИТЕ СМЕ ЕДНАКВИ (WE'RE EQUAL) на Equal Opportunity во Јужна Австралија.

## Област во којашто треба да се постигнат резултати: Безбедност, права и правда

Резултат: Се поттикнуваат, поддржуваат и штитат правата на луѓето со онеспособеност и тие луѓе се чувствуваат безбедно и уживаат еднакви права пред законот

Се залагаме да ги спречиме сите лоши работи што би можеле да им се случат на луѓето со онеспособеност, преку добро осмислени и сеопфатни системи на давање услуги, преку подобрена поддршка за оние што се во опасност да им се случи нешто лошо и преку соодветни начини за дејствување ако се случи некој немил настан. Оваа област е поддржана од активностите во склоп на Планот за насочено дејствување во однос на безбедноста (Safety Targeted Action Plan).

На Национален форум за ADS (ADS National Forum) (ноември 2022 г.), заседанието за безбедноста, правата и правдата вклучуваше и подетално разгледување на високите стапки на насилство врз жените со онеспособеност. Учесниците на форумот исто така изразија загриженост и поради преголемата застапеност на луѓето со онеспособеност во кривичниот судски систем. Се залагаме за подобрување на пристапот до рамноправни резултати во рамките на правосудството и за поделотворни одговори кон луѓето со онеспособеност во кривичниот судски систем.

Еве некои примери за активностите во оваа област:

- Подобрени услуги за да се овозможи пристап за учеството на изборите.
- Поддршка за основање на Национален центар за застапување на луѓето со онеспособеност (National Centre for Disability Advocacy) и на Телефонска линија за помош околу застапувањето на луѓето со онеспособеност (Disability Advocacy Support Helpline).
- Промени во законодавството, како што се реформите во Западна Австралија за да се прекине со затворањето на неопределено време и да се подобри праведноста во судските постапки за лицата со душевни нарушувања, или пак новото законодавство на Тасманија за поголема вклученост на лицата со онеспособеност.
- Се работи на подобрување на еднаквоста и на вклученоста на луѓето со онеспособеност во правниот систем, на пример, преку *Стратегијата за правда за луѓето со онеспособеност 2019-2029, (Disability Justice Strategy 2019–2029)* и преку нејзиниот Прв план за дејствување во Австралиската Престолнинска Територија.
- Проекти што ја развиваат способноста на секторот за онеспособеност да дејствува при домашно и семејно насилство, како што е проектот за засилување на поддршката при домашно и семејно насилство за луѓето со онеспособеност.
- Специјалистичка поддршка и услуги за луѓето со онеспособеност во затворите, како што е викториската Иницијатива за поддршка на луѓето со онеспособеност во затвор.

## Област во којашто треба да се постигнат резултати: Лична поддршка и поддршка во заедницата

Резултат: Луѓето со онеспособеност имаат пристап до низа разновидни поддршки што им помагаат да живеат самостојно и да бидат вклучени во своите заедници

Воведувањето на Националната програма за осигурување при онеспособеност NDIS овозможи огромна позитивна промена во давањето на лично приспособена поддршка и финансирање за луѓето со онеспособеност кои ги исполнуваат условите. Иако не може доволно да се нагласат подобрувањата што за многубројни учесници ги донесе Програмата NDIS, таа исто така стана главната точка на сосредоточеност на сите разговори за лична поддршка и поддршка во заедницата.

На Национален форум за ADS (ADS National Forum) (ноември 2022 г.), луѓето со онеспособеност рекоа дека треба да се обрне особено внимание на личната поддршка и на поддршката во заедницата како поширок систем со поддршка, и тоа не само за учесниците во Програмата NDIS. Организациите што ги претставуваат лицата со онеспособеност ни рекоа дека на сите 3 нивоа на власта треба да има предводништво и усогласеност за да се обезбеди државно инвестирање во поддршка при онеспособеност надвор од Програмата NDIS.

Еве некои примери за активностите во оваа област:

- Испорачување на Програмата NDIS.
- Заложби за поддршка при донесувањето одлуки, како што се измените на *Законот за старателство и за управување со имотот од 1991 г. (Guardianship and Management of Property Act 1991)* во Австралиската Престолнинска Територија.
- Вложување во спречувањето и во раното преземање мерки, како што е вложувањето на владата на Нов Јужен Велс во иницијативата Brighter Beginnings.
- Поддршка за луѓето кои не ги исполнуваат условите за Програмата NDIS или за My Aged Care, како што е Програмата Поврзувања во заедницата (Community Connections) на Јужна Австралија.

## Област во којашто треба да се постигнат резултати: Образование и учење

Резултат: Луѓето со онеспособеност го остваруваат својот целосен потенцијал преку образование и учење

Образованието е еден од најважните фактори што влијаат врз многу области од животот на еден човек. Тоа ни помага да се вработиме и да си ги исполниме финансиските цели, да стекнеме пријатели, да бидеме поздрави и да имаме забава и разонода. Учењето не престанува со завршување на училиштето: доживотното учење ни дава уште повеќе можности за подлабоко вклучување во нашите заедници, за лично исполнување и за приспособување кон светот околу нас кој постојано се менува. Оваа Област е поддржана од активностите од Планот за насочено дејствување во раното детство (Early Childhood Targeted Action Plan).

На првиот Национален форум за ADS (ADS National Forum) (ноември 2022 г.), учесниците разговараа за потребата учителите и училиштата да имаат подобра поддршка, на пример, преку професионални можности за учење или преку развивање на довербата во луѓето со онеспособеност ширум целиот тој сектор. Организациите што ги претставуваат лицата со онеспособеност нагласија колку е важно да се добие пристапно и вклучително образование, вклучувајќи и стручна обука и високо образование.

Еве некои примери за активностите во оваа област:

- Ресурси (Resources) што ќе им помогнат на учениците со онеспособеност и на нивните семејства да ги разберат и да ги користат своите права.

- Застапување на учениците што ги опфаќа и учениците со онеспособеност, како што е проектот Youth Voice Crew во Северната Територија.
- Програми за подучување за храната и за исхрана со хранлива вредност за луѓето со онеспособеност, како што е програмата Здрава храна за луѓе со најразлични способности (Healthy Food for All Abilities) во Западна Австралија.
- Заложби за вклучително образование, како што се реформите за Вклучување на учениците со онеспособеност (Disability Inclusion) и Стратегијата за образование на ученици со аутизам (Autism Education Strategy) во Викторија, како и Стратегијата за образование на ученици со онеспособеност на Одделот за образование (Department of Education's Disability Strategy) во Нов Јужен Велс.

## Област во којашто треба да се постигнат резултати: Здравје и добросостојба

Резултат: Луѓето со онеспособеност ги постигнуваат највисоките можни резултати во поглед на здравјето и добросостојбата во текот на целиот живот

Доброто здравје е основниот предуслов за добар живот. Кога луѓето со онеспособеност наидуваат на пречки за добро здравје, тоа им создава проблеми да одат на училиште, да работат и да бидат вклучени во животот на заедницата. На првиот Национален форум за ADS (ADS National Forum) (ноември 2022 г.), луѓето со онеспособеност разговараа за негативните ставови спрема луѓето со онеспособеност што може да им го ограничат пристапот до здравствена нега, до поставување дијагноза и до правото сами да одлучуваат како ќе бидат лекувани.

Заедницата на луѓето со онеспособеност, вклучувајќи го и Советодавниот одбор на ADS, исто така изразија загриженост за поддршката при КОВИД-19 за луѓето со онеспособеност. Луѓето со онеспособеност често се соочуваат со голема нерамноправност при пристапот до здравствена нега и до другите неопходни услуги, а пандемијата на КОВИД-19 ја нагласи, а на многу начини и ја продлабочи таа нерамноправност.

Еве некои примери за активности во оваа област:

- Подобрување на здравствената нега преку Националната патоказна карта за подобрување на здравјето на луѓето со умствена онеспособеност (National Roadmap for Improving the Health of People with Intellectual Disability).
- Развивање на способностите во секторите, како што е Националната програма за работно оспособување и обука Investing in Our Mob.
- Државни планови и стратегии за поддршка на здравство и на дејствување во итни случаи што ги вклучуваат и луѓето со онеспособеност, како што се, на пример, Стратегијата за здравје на онеспособените луѓе во Австралиската Престолнинска Територија, Планот за итни случаи во Северната Територија и Планот на Одделот за здравствена услуга за онеспособени лица 2022-2024 г. (Department of Health Disability Service Plan 2022-2024) во Квинсленд.
- Проекти за подготвување за итни случаи, како што е Проектот за подготвување за итни случаи за луѓето со онеспособеност во Тасманија.

## Област во којашто треба да се постигнат резултати: Односот на заедницата

Резултат: Односот на заедницата ги поддржува еднаквоста, вклученоста и учеството во општеството за луѓето со онеспособеност

Односот на заедницата кон луѓето со онеспособеност и натаму е една од основните пречки за целосното вклучување и учество на овие луѓе во австралиското општество. На првиот Национален форум за ADS (ADS National Forum) (ноември 2022 г.), односот на заедницата беше една од темите што постојано се споменуваа. Во разговорите беше споменато дека осудувањето, дискриминацијата, негативниот однос и ниските очекувања се наметнуваат како пречки за луѓето со онеспособеност во повеќе области од нивниот живот.

Извештајот на Проектот на Screen Australia *Да се видиме себе 2 (Seeing Ourselves 2)* (2023 г.) наведува дека застапеноста на луѓето со онеспособеност во австралиските телевизиски драми останува критички слаба. Учесниците на форумот утврдија дека поголема застапеност на луѓето со онеспособеност во медиумите и на раководните места е клучна за менување на односот на заедницата и за поттикнување на вклучувањето.

Еве некои примери за активностите во оваа област:

- Ажурирање на насоки за кампањата (campaign guidelines) за да се поддржи поголемата застапеност на луѓето со онеспособеност во рекламните кампањи на австралиската влада.
- Парична помош и програми сосредоточени на градење доверба кај работодавачот (building employer confidence) и на поддршката за оспособување на луѓето со онеспособеност за раководни позиции.
- Кампањи во медиумите за подучување во врска со стереотипите за онеспособеност и за нивно избегнување, како што се кампањата Животите што ги живееме (The Lives We Lead) во Западна Австралија и Види ме таков каков што сум (See Me for Me) во Јужна Австралија.
- Јавни форуми, вклучувајќи го првиот Национален форум за ADS (ADS National Forum) одржан на 2 и 3 ноември 2022 г., и првиот Државен форум за ADS (ADS State Forum), чиј домаќин беше Квинсленд на 19 јуни 2023 г.

# Спроведување на Австралиската стратегија за онеспособеност

Се обврзавме редовно да поднесуваме извештаи за напредувањето на активностите и на мерењата за да бидеме транспарентни во поглед на тоа како се менуваат резултатите за луѓето со онеспособеност.

Следува кус преглед на тоа што го правиме за спроведување на стратегијата ADS. Повеќе информации за активностите за спроведување може да се најдат во целосниот Извештај за спроведувањето (Implementation Report), Киоск на Австралиската стратегија за онеспособеност на Порталот за онеспособеност (ADS Hub on Disability Gateway), и од местата на интернет на владата на државата и територијата.

## Улоги и одговорности

ADS потврдува дека сите нивоа на власта треба да ја одиграат својата улога во постигнувањето на целите на ADS, и утврдува кое ниво на власта е одговорно за услугите и за поддршката од коишто зависат луѓето со онеспособеност, при што многу услуги и системи зависат од заемната соработка на сите нивоа на власта. Преку таквата взаемна соработка на ниво на владини органи овозможуваме сосредоточеност на луѓето со

онеспособеност, а ADS ја насочуваме кон области што се надвор од надлежностите на агенциите што работат исклучиво со луѓето со онеспособеност.

Еве некои примери од активностите во ова подрачје на спроведувањето на Стратегијата:

- Австралиската влада ја финансира Мрежата за онеспособеност за првите народи (First Peoples Disability Network) за да го развива и поддржува спроведувањето на Планот за засилување на секторот за онеспособеност што го контролира заедницата (Community Controlled Disability Sector Strengthening Plan) и за да го изготви и спроведе Национален отпечаток за онеспособеност (National Disability Footprint).
- Вградување на одредбите за пристапност или за вклученоста во главните услуги и системи, како што се подобрувањето на начините на отпуштање од болница и болничка нега за луѓето со онеспособеност.
- Реформи во законодавството за да се зацврстат правата, заштитата и сигурноста на луѓето со онеспособеност, како што е викторискиот *Закон за измена и дополнување на прописите што се однесуваат на онеспособеноста и на социјалните служби од 2023 г. (Disability and Social Services Regulation Amendment Act 2023* (Vic), Предлог-законот за измена и дополнување на законот за вклучување на луѓето со онеспособеност (Препораки за ревизија) од 2023 г. (Disability Inclusion (Review Recommendations) Amendment Bill 2023) на Јужна Австралија и воведувањето на институцијата Началник за онеспособеност (Disability Commissioner) во Тасманија.

## Раководни начела

За да се постигне замислата на ADS, владите се залагаат за изготвување и спроведување на политики, програми, услуги и системи што ги одразуваат начелата за човековите права од Конвенцијата на Обединетите нации за правата на луѓето со онеспособеност. Владите се согласија во своето работење да ги користат Раководните начела на ADS, што ги одразуваат начелата од Конвенцијата на Обединетите нации.

Еве некои од активностите во коишто се применуваат Раководните начела:

- Изработка на Водич за Раководните начела за да им се помогне на владите, на бизнисите и на невладиниот сектор да ги применуваат Раководните начела во своето работење.
- Воспоставување механизми за да се стави гласот на луѓето со онеспособеност во средиштето на политиките што ги развива владата.
- Одразување на Раководните начела во плановите за онеспособеност на државите и на агенциите, како што се викторискиот *Државен план за онеспособеност Inclusive Victoria 2022–2026 г.*, или примерот на Јужна Австралија што директно ги вградува Раководните начела во Плановите за пристапност и вклучителност изготвени од владината агенција.

## Ангажирање на луѓето со онеспособеност

Се залагаме за тоа луѓето со онеспособеност да заземаат централна и активна улога во спроведувањето на ADS. Ги зголемуваме нашите напори да осигуриме дека потребите на луѓето со онеспособеност се земаат предвид. Ги исполнуваме нашите заложби во склоп на ADS да организираме форуми секоја година. Државите и териториите исто така

преземаат активности за ангажирање во склоп на плановите за онеспособеност што се во нивна надлежност.

Планот за ангажирање на ADS (ADS Engagement Plan) ќе осигури дека изразените гледишта, проживеаните искуства и тековните совети од луѓето со онеспособеност ќе бидат одразени во развивањето на политиките и програмите што ги засегаат овие луѓе.

Австралиската влада подготви Упатства за добро работење со луѓето со онеспособеност (Good Practice Guidelines for Engaging with People with Disability). Тој водич ќе им помогне на владините и на невладините организации да ги подобрат своите активности за да можат подобро да ги поддржуваат учеството и вклучувањето на луѓето со онеспособеност.

Еве некои примери за активности со коишто луѓето со онеспособеност се ангажираат во спроведувањето на ADS:

- Прв Национален форум за ADS (ADS National Forum) одржан во Канбера, Австралиска Престолнинска Територија, на 2 и 3 ноември 2022 г.
- Прв Државен форум за ADS (ADS State Forum) одржан во Бризбејн, Квинсленд, на 19 јуни 2023 г.
- Изработка на Водичот Водач за инклузивност во практиката (Towards Inclusive Practice Guide) што ги поддржува владите да бидат повклучителни кога ги ангажираат луѓето со умствена онеспособеност.
- Осмислување на владината политика заеднички со луѓето со онеспособеност, како што е Политиката за поддржано донесување одлуки на Агенцијата NDIA (NDIA’s Supported Decision-Making Policy).
- Советодавни одбори или групи за онеспособеност што ќе ја советуваат владата, како што е Советодавниот одбор за онеспособеност (Disability Advisory Council) во Северната Територија, или Референтната група за онеспособеност (Disability Reference Group) во Австралиската Престолнинска Територија.
- Достапни комуникации и настани за поддржување на државните планови за онеспособеност, како што е промоцијата на Државната стратегија за онеспособеност во Западна Австралија, или изработката на Стратегијата за онеспособеност во Австралиската Престолнинска Територија.

Ангажирањето на луѓето со онеспособеност останува висок приоритет и ние сме свесни за потребата да ги вклучиме луѓето со онеспособеност во заедничко осмислување на политиките и на програмите. Според Планот за ангажирање на ADS, постои обврска да се одржи најмалку еден јавен форум или советување секоја година. Во согласност со Патоказната карта на ADS (ADS Roadmap), јавни советувања се планирани за 2024, 2027 и 2030 година.

## Планови за насочено дејствување

Новиот пристап што го усвои ADS беше да вклучи заложби за Планови за насочено дејствување (Targeted Action Plans - TAPs) за да се олесни уште повеќе постигнувањето на подобри резултати за сите луѓе со онеспособеност. TAPs беа изработени така што ќе се сосредоточат на одредени активности во најголемата можна мера во текот на една до три години за да постигнат специфични резултати. Првите 5 TAPs што ги почна ADS се сосредоточени на подобрување на вработеноста, односот на заедницата, раното детство, безбедноста и постапувањето во итни случаи.

Првиот годишен извештај за TAPs, за периодот од 3 декември 2021 г. до 30 јуни 2022 г. беше објавен во ноември 2022 г. Во него беше известено дека над 80% од дејствата се

или завршени или во тек. Вториот годишен извештај за TAPs, за период од 1 јули 2022 г. до 30 јуни 2023 г. наскоро ќе биде објавен.

Плановите TAP обезбедија значајна појдовна клучна точка за владите за да го развиваат своето натамошно дејствување. Ги цениме повратните мислења што ги добиваме од Советодавниот одбор на ADS и од секторот за онеспособеност дека осмислувањето и фокусот на плановите TAP треба да се развиваат и дека со идните планови TAP треба да се утврдат уште поамбициозни дејствија за да се поттикне промена. Тоа треба да се прави на постратешки и поусогласен начин во сите влади.

Австралиската влада, во соработка со владите на државите и териториите, веќе почна да работи на разгледување на областите на коишто ќе се сосредоточат идните планови TAP. Притоа се раководат од тоа што им го кажуваат луѓето со онеспособеност. Целта ни е да ги завршиме идните планови TAP и тие да почнат да се спроведуваат во текот на 2024-2025 г.

## Придружни планови

Потребни се конкретни дејствија за да се исполнат очекуваните резултати во Областите во коишто треба да се постигнат резултати во склоп на ADS. Освен од плановите TAP, ADS исто така е поддржана и од Придружните планови (Associated Plans) што се подолгорочно сосредоточени на највисоките приоритети за специфични групи. Австралиската влада изработува упатства за да им помогне на државните агенции да ги изработат Придружните планови.

Придружните планови на ADS вклучуваат:

- Вработи ме заради мојата способност (Employ My Ability), отпочната на 3 декември 2021 г., е заложба на австралиската влада во времетраење од 10 години да се подобрат резултатите во вработувањето на луѓето со онеспособеност.
- Националната рамка за застапување при онеспособеност 2023-2025 (*National Disability Advocacy Framework 2023-2025*) и со неа поврзаниот Работен план за застапување при онеспособеност (*Disability Advocacy Work Plan*) го претставуваат почетокот на тековната работа на австралиската влада, како и на владите на државите и на териториите за подобра усогласеност на услугите за застапување при онеспособеност преку посветеност на меѓусебна соработка во клучните области.
- Националната патоказна карта за подобрување на здравјето на луѓето со умствена онеспособеност (*National Roadmap for Improving the Health of People with Intellectual Disability*), предводена од австралиската влада, зацртува сеопфатни дејства и покажува како можеме да создадеме здравствен систем во којшто луѓето со умствена онеспособеност ќе бидат ценети и почитувани и ќе имаат пристап до висококвалитетна, навремена и сеопфатна здравствена нега.

Преку Австралиската национална културна политика *Revive*, австралиската влада одвои 5 милиони долари за финансирање на активностите за спроведување на Придружен план за уметничко изразување на луѓето со онеспособеност (Arts and Disability Associated Plan) за да ги поддржи луѓето со онеспособеност да имаат пристап и да учествуваат во австралискиот културен и творечки живот. Во тек е изработката на овој Придружен план за уметничко изразување на луѓето со онеспособеност.

## Рамковни резултати

Едно од најважните подобрувања што се случија со отпочнувањето со ADS беше спроведувањето на Рамковните резултати. Рамковните резултати ги мерат, ги следат и известуваат за резултатите за луѓето со онеспособеност во сите Области во коишто треба да се постигнат резултати и во Приоритетите на политиката на ADS.

Интерактивните и лесно пристапни страници на интернет за известување за Рамковните резултати (Outcomes Framework) беа пуштени во функција на 14 декември 2022 г. Известувањето за Рамковните резултати вклучува ажурирања на секои три месеци, алатки за известување, споредување и групирање на податоците и годишни извештаи. Првиот годишен извештај беше објавен на 28 февруари 2023 г. Планот за подобрување на податоците (Data Improvement Plan) ќе помогне при прибирањето на податоците за идните мерки.

За да ги подобри расположивите информации за односот на заедницата, австралиската влада се обврза да прави анкети на секои 3 години за да го мери односот на заедницата. Првата анкета на ADS беше спроведена во 2022 г., при што беа собрани податоци од околу 18.000 луѓе. Собраните податоци вклучуваа одговори од луѓе со онеспособеност, како и од поширокото австралиско население. Податоците прибрани со анкетата на ADS, наречена *Споделете со нас* (*Share with us*) вклучува нови податоци за седумте мерења на односот на заедницата за коишто првпат беше поднесен извештај на 5 октомври 2023 г.

Во склоп на првата анкета на ADS, универзитетот ANU и Purple Orange спроведоа квалитативна студија сосредоточена на искуствата на луѓето со умствена онеспособеност во поглед на односот на заедницата во образованието, здравството, правдата и службите за правна и лична поддршка и за поддршка во заедницата, како и во секторот за вработување. Извештајот од оваа студија може да го најдете на местото на интернет Киоск на Австралиската стратегија за онеспособеност на Порталот за онеспособеност (ADS Hub on Disability Gateway).

## Подобрување на податоците

Се залагаме да собираме и споделуваме меродавни податоци за да ги поддржиме делотворниот надзор и известувањето за постигнатите резултати за луѓето со онеспособеност и со тоа да поттикнеме промени. Податоците се јадрото на нашиот пристап заснован врз докази при спроведувањето на ADS.

Планот за подобрување на податоците (Data Improvement Plan) на ADS е изработен со цел да се осигури дека податоците што се потребни за да се мерат резултатите за луѓето со онеспособеност се собираат, споделуваат и постепено се подобруваат во текот на целото времетраење на ADS. Со него исто така ќе се утврди во кои системи треба да има меѓусебна поврзаност на податоците за да се подобри нашето разбирање за влијанието што го има ADS.

Еве неколку примери за активностите за подобрување на податоците:

- Австралиската влада одвои 68,3 милиони долари за анализирање, истражување и воведување на Националната датотека за онеспособеност (National Disability Data Asset), што ќе биде најсеопфатната датотека за онеспособеноста во Австралија.
- Водечки агенции на австралиската влада се обврзаа да изработат збирка Планови за подобрување на податоците за да се утврди како може да се подобрат податоците за онеспособеноста во нивните ресори.
- Анкетата за онеспособени и постари луѓе и за негуватели од 2022 г. (2022 Survey of Disability, Ageing and Carers) на Австралиското биро за статистика ја заврши

теренската работа на почетокот на 2023 г., а резултатите ќе бидат објавени кон средината на 2024 г.

- Поддршка од владите на државите за споделување на податоци во секторот за застапување на онеспособени лица, на пример, како во Западна Австралија.
- Изработка на стратегии за државните податоци за онеспособеноста и воспоставување подобрени механизми за подобрување на начинот на којшто се користат и споделуваат податоците, како што е, на пример, Стратегијата за податоци на владата на Нов Јужен Велс, или пак користењето на показатели за семејната сложеност при собирањето на податоци во Јужна Австралија.

## Создавање датотеката со докази и оценувања

Спроведувањето на ADS се темели врз пристап заснован на докази. Тоа значи дека кога ќе носиме одлуки и кога ќе преземаме дејствија, ќе ги вклучуваме доказите од истражувањата, како и советите од луѓето со онеспособеност. Добрите докази претставуваат темел за тоа каде и како ќе постигнеме напредок.

Датотеката со докази ќе ја изработи Националното партнерство за истражување на онеспособеноста (National Disability Research Partnership - NDRP). Нивната истражувачка програма и практичните упатства за истражувања што ја вклучуваат и онеспособеноста ќе помогнат да се поттикнат подобрувања за луѓето со онеспособеност. Ова ќе олесни спроведување на програма за истражување на онеспособеноста заснована на соработка и вклученост. Тие ќе го финансираат истражувањето што ќе се спроведува во соработка со луѓето со онеспособеност. Австралиската влада обезбеди 15 милиони долари за да ги поддржи основањето и работата на NDRP, од 2022-23 до 2024-25 г. Се очекува дека NDRP ќе биде основано и ќе почне со работа до 2024 г.

Еве некои примери за активности за создавање датотека на докази и за оценување:

- Мрежата за онеспособеност на првите народи ангажира независен консултант за да даде поддршка во тековното надгледување и оценување на National Disability Footprint.

- Оценувања на државните политика и стратегии, на пример оценувањето на стратегијата *Стратегија за вработување на лица со онеспособеност 2018-22 г. (EmployAbility Strategy 2018-22)* во Северната Територија во 2023 г.
- Анкетата *Гласот на жителите на Квинсленд со онеспособеност* беше спроведена кон почетокот на 2023 г., а извештајот *Гласот на жителите на Квинсленд со онеспособеност (Voice of Queenslanders with Disability)* беше објавен на 19 јуни 2023 г. Анкетата и извештајот заеднички ги подготвија владата на Квинсленд, Мрежата на жители на Квинсленд со онеспособеност (Queenslanders with Disability Network) и универзитетот Грифит.

- Во јуни 2022 г. беше спроведено независно оценување на постапките и на резултатите на Портал за онеспособеност (Disability Gateway).

## Управување

Обемното договарање околу процесот на управување е од клучна важност за да се поддржи делотворно спроведување на активностите ширум Австралија што ќе ги подобрат резултатите за луѓето со онеспособеност. *Австралиската стратегија за онеспособеност 2021-2031 (Australia's Disability Strategy 2021-2031)* (стр. 45;59-60) го

наведува моделот на управување од којшто се раководат нашето работење и одговорност.

Во групите што учествуваат во управувањето со ADS спаѓаат:

- Министерскиот совет за реформи во областа на онеспособеноста (Disability Reform Ministerial Council) е форум за австралиската влада и за министрите на државите и на територииите надлежни за политиките во однос на онеспособеноста што треба да поттикне соработка и усогласување на национално ниво во спроведувањето на реформите во политиката за онеспособеност и во нејзиното спроведување.
- Советодавниот одбор на ADS (ADS Advisory Council) им дава независни совети на австралиските влади и на министрите за онеспособеност во врска со спроведувањето на ADS. Во него членуваат луѓе со онеспособеност од заедницата и од секторот за онеспособеност.
- Форумот за спроведување на ADS при организациите што ги претставуваат луѓето со онеспособеност (Disability Representative Organisation ADS Implementation Forum) го сочинуваат низа разновидни организации што ги претставуваат секторот за онеспособеност и луѓето со онеспособеност. Овој форум е клучното место каде што австралиската влада бара совети и повратни мислења во врска со активностите за спроведување на ADS.

## ADS на интернет

На местото на интернет Киоск на Австралиската стратегија за онеспособеност на Порталот за онеспособеност (ADS Hub on Disability Gateway) може на едно место да се најдат вести, информативни материјали и извештаи за ADS. Со неговото пуштање во функција кон средината на 2021 г., австралиската влада се залага да го одржува и зголемува присуството на ADS на интернет. Основните информации се дадени во лесно достапни облици и обрасци, вклучувајќи го образецот Easy Read. Има превод на 14 јазици на заедницата, вклучувајќи го и јазикот Auslan. Други достапни обрасци, како оние напишани со Брајово писмо, може да се добијат на барање. Се работи и на тоа во иднина да се вклучат и поголем број јазици на првите народи.

Во двете години од ставањето во функција на ADS Hub, новите содржини вклучуваат:

- Годишни извештаи за Плановите за насочено дејствување.
- Информации за форумите и советувањата на ADS.
- Поединости за Советодавниот одбор на ADS и за негови објави.
- Нови информативни материјали, како што се Планот за подобрување на податоците и Упатствата за добро работење со луѓето со онеспособеност.
- Врски до интерактивното место на интернет за рамковните резултати од ADS на Австралискиот институт за здравје и добросостојба

Местото на интернет ADS Hub постојано се проширува, а претстои и негова ревизија и освежување со подобрувања што ќе почнат да се воведуваат од крајот на 2023 г. до почетокот на 2024 г.